Трајан ГОЦЕВСКИ

# ПОЛИТИЧКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА КАКО ФАКТОР НА МИРОТ И СТАБИЛНОСТА

## УВОДНИ НАПОМЕНИ

Општ е впечатокот дека современите, демократски организирани општества не можат да функционираат без нужно почитување на разликите меѓу поединците и нивниот социјален енвиронмент, односно без специфичните економско-политички карактеристики на заедницата во која се јавува демократијата, а особено политичкото поврзување и организирање. Оттука правото на разлики (индивидуални, социјални, политички и сл.) се дел на демократијата како современ феномен. Имено, демократијата не може успешно да функционира и да се легализира без остварување на политички консензус за прашањата од општ општествен интерес и сосема е извесно дека таа не може да функционира без толеранција воопшто, а особено без политичката толеранција. Во таа смисла, прифатлив е ставот на теоретичарите, претставници на либерализмот и демократијата, дека за остварување на демократијата и демократските процеси во една држава е позначајна толеранцијата, отколку самиот консензус.

Денес, и покрај постоењето на различни видови толеранција (како на пример, културна, верска, конфесионална итн.), не случајно на политичката толеранција ч се придава посебно значење. Тоа е така не затоа што другите видови толеранција се помалку битни, туку затоа што со прашањето на политичката толеранција се поврзани и прашањето за општествената моќ, прашањето за мирно решавање на општествените судири, различните спорови помеѓу луѓето и слично.

За политичката толеранција со право може да се каже дека е дел од признатото право за постоење разлики меѓу луѓето. Токму тие разлики и нивното признавање претставуваат основен извор на толеранцијата. Таму каде што не се признаваат разликите и правото за нивно постоење, не се признава ни правото на толеранција. Значи, нема толеранција без признавање на правото на разлики. Меѓутоа, и самото признавање на правото на разлики помеѓу луѓето отвора многу прашања и тешкотии околу функционирањето на толеранцијата.

Ако правото на разлики е услов за самата толеранција, и ако сè почнува и сè завршува на тоа, тогаш со сигурност не би се појавил проблемот на таканаречениот парадокс на толеранцијата. Парадоксот на

толеранцијата се појавил кога теоретичарите, од теоретски или од практични причини, го поставиле прашањето: дали е оправдано толерирањето на секоја разлика, односно и на онаа разлика што ја сметаме за морална грешка и можен извор на парцијално или универзално зло? Оттука, појавата на фашизмот, авторитарните движења и режими во светот, насилствата и фанатизмот, се евидентни предупредувања и причини од кои произлегуваат и прашањата за лимитот на толеранцијата.(1)

Меѓутоа, ако толеранцијата има или мора да има лимит, дали таа може да биде внатрешна добрина, односно посебна или универзална добрина кај луѓето. Има теоретичари кои сметаат дека тоа е можно, а има и такви кои сметаат дека тоа не е можно. Така на пример, според едните, таа е само средство на поединците и политичките групи за остварување на некои други вредности што ја одредуваат смислата на човековата егзистенција. Според другите теоретичари, кои го тврдат спротивното, таа е цел сама за себе, односно е цел што треба да се следи самата себеси.

Оттука, произлегува недоразбирањето помеѓу оние кои тврдат дека толеранцијата е „дете на сомнежот" или неможност да се утврди што е морална или религиозна вистина и оние кои сметаат дека таа претставува респект за другите, извор и причина за самата толеранција како општествен феномен.

Поимот политичка толеранција не е можно да се одреди без одредување на концепцијата на политичката слобода. Доколку постои концепција на слободата, дотолку постои и концепција или теорија на демократијата. Ако политичката толеранција во врвот на својот развој е дете на неизбежниот „факт на плурализмот", тогаш таа е политичка слобода, и не може правилно да се одреди надвор од теоријата на политичката слобода, без влијание на теоријата на политичките слободи, а според тоа и без теоријата на демкратијата.

Од изнесеното може да се заклучи дека не постои универзална теорија за политичка толеранција, туку таа е поврзана со концепцијата за политичките слободи и демократијата. Постојат разни теории за политичката слобода и демократијата, но и многу различни класификации на таквите теории. Вообичаени се теориите на партиципативни и репрезентативни демократии. Исто така, има и други поделби, како на пример кај К. Јанда (K. Janda) кој зборува за процедурална или мнозинска демократија, односна за плуралистичка и супстантивна демократија итн.

## 2. ПОИМОТ „ПОЛИТИЧКА ТОЛЕРАНЦИЈА“

Некои автори (2) ја дефинираат политичката толеранција како подготвеност, во согласност со универзалните политички слободи (општите норми на демократијата), до одредени граници да се трпат, да се поднесуваат одредени групи, со кои инаку програмски не се согла суваме. Тоа значи дека политичката толеранција претпоставува постоење на политичка опозиција. Политичката опозиција и слободата за нејзиното постоење претставуваат основен предмет и содржина на политичката толеранција. Оттука, правото на разлика е conditio sine qua non на толеранцијата. Според тоа, основен услов за постоење на толеранцијата е постоење разлики во идеите, во интересите, во вредностите итн. и во можноста тие да се искажат, независно од таа кој е субјект во таа разлика. Некои, пак, ја дефинираат толеранцијата како диспозиција или однесување во однос на мислења и ставови со кои не се согласуваме. За нив случајот на толеранцијата е парадигматски кога се овозможува нешто што е различно и што загрозува нечии длабоки уверувања. Според нив, толерантен може да се биде само кон нешто со кое со длабоко уверување не се согласуваме. (3)

Од таа причина произлегува и парадоксот на толеранцијата, бидејќи е потребно да се трпи, да се поднесува нешто со кое не се согласуваме, а што може да ја уништи и толеранцијата и нејзиниот актер. Со ова, некои теоретичари ја доведуваат во прашање рационалноста и функционалноста на толеранцијата, притоа прогласувајќи ја за уште еден мит на модерното време - мит кој ги оправдува сите репресии кои мнозинството ги прави над малцинството од различна провениенција.

Х. Маркузе (H. Marcuse) зборува за репресивна толеранција т.е. за толеранција која е во функција на манипулацијата и индоктринацијата, со што во општеството би имале состојба на status quo. Тој смета дека во едно општество на нееднаквости (класни или политички) не е можна универзална толеранција како цел сама за себе. Толеранцијата е сама за себе цел „само тогаш кога е универзална, ако ја применуваат оние кои владеат и оние кои не владеат“. Но во општества на нееднаквости, како впрочем што е секое денешно општество, според мислењето на Маркузе, не е можна универзална и вистинска толеранција. Тоа, пак, не значи дека толеранцијата не се поттикнува и не се спроведува. Толеранцијата се остварува внатре во институционалните нееднаквости. Во случај кога се прави обид да се оспорат нееднаквостите и тоа со определена акција на одредена група или групи, тогаш условите за „толеранција се нарушуваат и најчесто настапуваат силите за

репресија (полицијата, војската и сл.) кои ги елиминираат силите за промени. Според Маркузе толеранцијата се спроведува само тогаш кога во рамките на едно општество постојат однапред утврдени нееднаквости". (4)

Оттука произлегува и прашањето како во услови на нееднаквост да се биде толерантен? Според Маркузе тоа е можно, зашто ако се допре до нееднаквоста, власта реагира и толеранцијата престанува да постои или се намалува нејзиното дејствување, затоа што толеранцијата не претставува нееднаквост, туку само разлики во политичка, културна, религиозна и друга смисла.

Поради тоа се поставува и прашањето дали толеранцијата нема да прерасне во нов идеолошки утопизам?

Според веќе споменатиов автор, толеранцијата и нејзиното постоење во општеството овозможува секому да го изнесе своето мислење во средствата за јавно комуницирање и во случаите кога тоа е нерационално, неетичко и сл. Тој е на мислење дека практицирањето само на таканаречената диференцијална толеранција, која претставува толеранција за едни, а не и за други, во секој случај е неприфатливо, пристрасно и идеолошки обоено.

Други теоретичари, пак, сметаат дека постоењето на толеранцијата не подразбира само признавање на правото на разлики туку и нужно одредување на лимитот на толеранцијата.

Доколку таа нема ограничувања, односно лимит, едноставно не може да постои. Исто така толеранцијата подразбира поднесување на оние разлики со кои поединечно не се согласуваме. Бидејќи толеранцијата подразбира способност за поднесување разлики, односно капацитет за нивно апсолвирање, а не само согласување и мирење со разликите, таа честопати претставува и борба на човекот сам со себе, односно процес на постојано самосовладување. Оттаму поединецот е толерантен или помалку толерантен или нетолерантен, во согласност со можноста да владее со себе, со своите емоции и да ги поднесува идеите, вредностите, разликите и ставовите на другите со кои од лични убедувања не се согласува. Значи, контролата над себеси не претставува пасивно држење во однос на некои појави и збиднувања во општеството, туку напротив начин и способност за толеранција кон нив. Тоа значи дека само со толеранција може да се влијае кон тие појави, а нетолеранцијата може да нè поведе кон несакан правец.

Толеранцијата, според одредени сфаќања кои се доминантни, не претставува само фактор кој овозможува на другите да ги искажат своите идеи, мислења, сфаќања кои се разликуваат од постојните, од

официјалните, од оние на актуелните носители на власта, туку е и фактор за контрола на искажувањето на разликите по тие прашања, што е една од најважните функции на толеранцијата како феномен.

Практиката покажува дека способноста да се владе со себеси, како битен услов и капацитет за практикување на толеранцијата, не настанува сам од себе, спонтано и одеднаш, туку напротив, таа е процес кој настанува, кој се гради и кој се учи во текот на целиот живот. Едноставно тој се претвора во традиција. Толеранцијата не може да се посматра само како позитивна или негативна реакција кон нештата.

Ваквите сфаќања за толеранцијата придонесуваат да се развијат две концепции за неа и тоа:

- толеранцијата како инструментална добрина; и
- толеранцијата како внатрешна вредност, која се третира како морална норма или особина на разумно однесување.

Оттука толеранцијата не претставува само признавање на правото на разлики, став во однос на нештата во смисла негативен или позитивен, реакција спрема нештата, ниту прилагодување кон нештата, таа не е предрасуда ниту може да се изедначи со поддржување на моралните норми, слободата, демократијата, еднаквоста пред законот и слично. Под поимот толеранција, па оттука и пимот политичка толеранција, пред сè се подразбира подготвеност на поединецот но и на разните колективитети, до одредени граници да ги поднесува или трпи разликите кај другите, со кои од разни причини (политички, верски, културни и сл.) не се согласува. Оваа подготвеност значи разумно, морално и цивилизациско однесување на луѓето со соодветен лимит, кој зависи и се определува во согласност со политичките и другите околности во општеството.

### 3. ТЕОРИИ ЗА СЛОБОДАТА, ДЕМОКРАТИЈАТА И ПОЛИТИЧКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА.

Во теоријата не постои единствена класификација на теориите за политичките слободи, за демократијата и за политичката толеранција. Оттаму теоретичарите ја разгледуваат политичката толеранција во рамките на трите теории за демократијата и тоа: либералната, конзервативната и републиканската теорија.

Во рамките на *либералнаӣа ӣеорија* за слободата, демократијата и политичката толеранција егзистираат три основни теории и тоа: либералната, конзервативната и радикалната.

а) *Либералната теорија* се дефинира на следниот начин: „слобода во дејствувањето без присила и ограничување од страна на државата или другите луѓе". Според тоа либералите - застапници на оваа теорија, слободата ја дефинираат дескриптивно, дејствување без присила и ограничување, а не како морална и широко прифатена и потврдена вредност. Според нивните сфаќања слободата не е вредност туку факт кој постои. Таа не е ниту политичка ниту вредносна појава туку индивидуална и приватна и како таква ги одвојува и ги изолира луѓето наместо да ги поврзува и здружува. Оттаму, либералната теорија за слободата претпоставува одвоена група луѓе и група луѓе кои се во судир со општеството и загрозени со неговите ограничувања. Затоа бегањето од ограничувањата значи и бегање во слободата како приватно поле на дејствување. (5) Исто така, според ова сфаќање на претставниците на либералната теорија, од особена важност е и тврдењето дека либералната теорија е еднаква со слободата во изборот помеѓу расположливите, а не од вредносните опции. Вредностите за нив не се дел од слободата. Слободата е состојба и факт, но не и вредност. Затоа политичката толеранција е просто признавање на правото на слободни избори за сите расположливи опции. Без присуство на толеранцијата не може да се оствари ниту слободата во изборот како вредност сама за себе, дејствување според желбите, потрага по вистината, избегнување на конфликтите поради воспоставување на мирот и редот во општеството и сл. Толеранцијата сето тоа ќе го овозможи и притоа, доколку секој биде толерантен, дотолку никој нема да работи на штета на друг и така ќе се воспостави рамнотежа помеѓу интересите и вкупните слободи кај поединците. Меѓутоа, ако рамнотежата на интересите не се воспостави, судирите ќе се зголемат и тоа ќе доведе до сериозни проблеми.

Од овој аспект од особено значење е да се посочат и обидите на либералните теоретичари да го пронајдат лимитот на толеранцијата, истовремено оправдувајќи ја нејзината неповредливост, бидејќи слободата во дејствувањето без ограничувања носи големи ризици. Затоа и толеранцијата во рамките на човековото слободно дејствување треба да биде одредена со крајни универзални вредности.

Смислата на толеранцијата се наоѓа во одговорот на прашањето: зошто да се толерира? Одговорот на ова прашање не може да се извлече од желбата, туку напротив, од вредностите како пожелна концепција за животот. Оттука со толеранцијата кон нешто не може ниту да се оправда ниту да се докаже, без одреден вредносен пристап спрема разликите кои се толерираат. Невредносниот пристап кон

можните разлики кои можат да се толерираат не ја предизвикува потребата за толеранција, туку предизвикува само рамнодушност кон нештата.

Во таа смисла, значајно е да го споменеме мислењето на Ј. С. Мил (J. S. Mill) кој во центарот на својата теорија ја става индивидуата на поединецот, зашто индивидуалноста, нејзиниот слободен развој, не е само главен елемент на цивилизацијата туку таа е нужен дел и услов за сето тоа. Општеството во целина не смее да се меша во слободниот развој на индивидуалноста. Оттука, за Мил е од особена важност одредувањето на границата преку која општеството не смее да помине во делот на индивидуалната независност. Тој смета дека одредувањето на границата е многу тешка работа. Нејзиното определување и бранење ќе биде против навлегувањата во независноста на поединците. Значи, Мил трага по слободата на поединецот. Според него, единствената слобода е „кога можеме да одиме за свое добро и на свој начин и додека на другите не им го одземаме нивното добро".(6) Исто така слободата е во функција на развојот на индивидуалноста. Но, истовремено и средство за потрага по вистината. Индивидуалноста може да се развива само тогаш кога поединецот може слободно да одредува што е за него добро, а што не. Поради тоа, цел на политичката слобода како општествена слобода воопшто, е развојот на индивидуалноста и нејзината независност. Таа се развива во зависност од воспитанието и партиципацијата во политичката и социјалната сфера. Практиката покажува дека за слободен и творечки развој на индивидуалноста е потребна толеранцијата. Оттука, според Мил, воспитанието и образованието и партиципацијата можат позитивно и повеќеслојно да влијаат врз развојот на индивидуалноста и толеранцијата. Значи, индивидуалноста би претставувала остварување на слободата, а толеранцијата би овозможила егзистенција на таквата слобода.

Образованието и воспитанието како процес и партиципацијата како учество во политичката и социјалната сфера, би им овозможиле на поединците да можат да бидат оригинални во изборот, подобро да ги осознаваат и разберат своите интереси, да знаат да оценат што е добро за нив и каде почнува евентуалната штета за другите. Со таквиот приод во општеството се создава благопријатна клима за решавање на конфликтните интереси кои објективно постојат.

Анализата на концепцијата на Мил за слободата и толеранцијата, ќе покаже дека ч недостасува јасното определување на границите на толеранцијата, т.е. таканаречениот лимит на толеранцијата, како и конзистентност на вредностите околу кои се засновува.

Со еден збор, може да се рече дека за демократијата се потребни и толеранцијата и консензусот, бидејќи консензусот е нужност за демократијата, а толеранцијата е својствена само за демократските облици на политичкото уредување на општествата.

б) *Конзервативната теорија* за слободата и политичката толеранција има друг однос кон овие феномени. Имено, претставниците на ова сфаќање политичката слобода ја третираат како политичка ангажираност во општеството, а не како предмет на идеја. Според нив треба да се анализира, пред сѐ, практичната слобода која се остварува, а не да се анализираат поимите за слободата. Така, политичката слобода е составена од различни конкретни права и привилегии што ги уживаат граѓаните во општеството. Значи, слободата од овој аспект е збир на конкретни права и привилегии, односно збир на права и привилегии кои произлегуваат од обичаите и традициите во општеството, а не од апстрактните универзални принципи, како на пример слободата во изборот, индивидуалната независност, еднаквите шанси за сите и слично.

Со оглед на тезата дека слободата претставува збир на права и привилегии кои ги одредуваат обичаите и традициите, според приврзаниците на конзервативизмот, слободата не подразбира подеднаквост. Општествата се нееднакви и без почитување на хиерархијата, а политичката слобода мора да одговара на општествената хиерархија. Во таа смисла, теоретичарите - претставници на конзервативизмот ја редуцираат слободата на демократијата врз основа на методот на легитимирање на политичката власт, а толеранцијата не може да биде апсолутна, таа мора да биде ограничена од правата, традицијата и од моралните норми во општеството. Произлегува дека од толеранцијата се бара ограниченост во интензитетот како и во опфатот. Затоа претставниците на конзервативизмот не веруваат во можноста воспитанието и партиципација да бидат услов за развој на толеранцијата. Образованието може да придонесе и да влијае за зголемување на политичката толеранција, но останува проблемот на каузалниот однос помеѓу овие варијабли, кој не е така силен како помеѓу толеранцијата и социјалните варијабли (социјалните класи, вработувањето, приходите и сл.). Круцијалниот каузален однос на толеранцијата е поврзан со социјалната и класната заедница на поединецот, а помалку за партиципацијата. (7)

Според тоа, прецизен е ставот „дека само политичката елита може да биде толерантна и да ја осигурува стабилноста на демократијата и слободата како право и привилегија на граѓаните, што произле-

гува од обичаите, традицијата и од хиерархизираната улога на луѓето во општеството“. (8)

в) *Федералистичката теорија* за демократијата и политичката толеранција, всушност претставува радикален облик на либералната теорија. Имено, според оваа теорија добрините на граѓаните, помеѓу нив и добрината (способноста) за толеранција, воопшто не се значајни за стабилноста и успешноста на функционирањето на демократското општество. Се смета дека основоположник на оваа теорија е Ј. Медисон (J. Madison), кој смета дека во слободната држава условите за цивилни права мораат да бидат подеднакви како и за религиозните права, зашто во првиот случај тие се структурирани според различни интереси, а во вториот според многуте религиозни групи. Оттука основната теза на теоријата за демократијата е во тоа дека слободата на луѓето се осигурува со конституционалното организирање на власта, односно со строгата поделба и децентрализацијата на власта во општеството, што овозможува остварување на различните интереси на луѓето и нивното собирање околу тие интереси. Во основа, оваа теорија поаѓа во основната теза дека во демократското, плуралистичко општество нетолерантната маса е силно распространета и дека повеќе може да се зборува за добрината на нетолеранција отколку за добрината на толеранцијата. Во тој случај, основен начин да се спречи или да се намали нетолеранцијата во општеството е да им се овозможи на луѓето слободно собирање и реализирање на нивните различни интереси и идеи. Оттука во организацијата на демократската власт присутната децентрализација, плуралитетот на интересите и нивното политичко и неполитичко организирање се услов за разбирање на раширената нетолеранција на масата и на политичката елита и овозможување на слободата како непречено дејствување на луѓето во општеството.

Според тоа, суштината на теоријата за демократијата е во конституционалната поделба на власта, на законодавна, извршна и судска и во насочувањето на нетолеранцијата на луѓето кон разни субјекти, групи и идеи и сл. Сето тоа е во функција на природното решавање на општествените судири и воспоставување на рамнотежа во остварувањето на интересите. Но во исто време изненадува и фактот дека теоријата на демократијата, која се обидува да го објасни дејствувањето на луѓето само со демократска институционализација на власта и овозможување реализација на интересите на луѓето, ги лишува луѓето од вредносниот однос спрема своите интереси и спрема другите луѓе. Со сигурност може да се потврди дека плурализмот на интересите и разновидното општествено собирање и организирање, луѓето може да

придонесе за намалување на општествените конфликти и тензии. Оттука, според оваа теорија, ако луѓето не ги ограничуваат своите интереси и цели што си ги поставуваат со морални стандарди, може да дојде до омраза, изолација и слично, но и до потреба за решавање на конфликтите, помагање на другите и слично. Според тоа, оваа теорија е премногу уверена во неможноста да се постигне консензус помеѓу политичката елита и масата, молчешкум или смислено, насочувајќи на нетолеранција спрема одделни општествени групи.

## 4. ЕМПИРИСКА ОСНОВА НА ТЕОРИИТЕ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА И ПОЛИТИЧКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА

Од аспект на темата што е предмет на обработка на овој труд од особен интерес се повеќето истражувања за демократијата и политичката толеранција, спроведени од поголем број теоретичари. Ќе се задржиме само накусо на дел од нив.

Како прва релевантна студија која се занимава со проблемите на политичката толеранција е онаа на С. Стоуфер (S. Stoufferu), во која се презентирани резултатите од истражувањето на толеранцијата направени со неколку групи во американското општество. Во тие групи се опфатени комунисти, социјалисти и атеисти. Дваесет години подоцна, теоретичарите Нун, Крокет и Вилијамс (Nunn, Crocett и Wiliams, 1978), во САД ќе ги повторат Стоуферовите истражувања.

Овие истражувања дале одредени генерални резултати, кои послужиле за поткрепа или за корекции на тезите за демократијата и политичката толеранција. Како поважни заклучоци извлечени врз база на овие истражувања се:

1) Компаративната анализа на истражувањата за политичката толеранција покажала дека јавноста во 1955 година била исклучително нетолерантна кон зададените мерки на толеранција. Просечно околу 60% од испитаниците биле нетолерантни кон појавите кои биле истражувани. Подоцнежните истражувања направени во 1970 година, покажале дека испитаниците пројавиле повисок степен на толеранција. Така, околу 55% од испитаниците покажале толеранција кон појавите кои биле предмет на испитување. Заклучокот е дека во овој период толеранцијата како феномен го зголемила својот капацитет и покажала позитивно движење;

2) Во однос на влијанието на степенот на образованието кон зголемување на толеранцијата, резултатите покажале дека граѓаните со повисок степен на образование се значително потолерантни во од-

нос на граѓаните со пониско образование. Заклучокот е дека порастот на толеранцијата е правопропорционален со порастот на општото ниво на образованието во општеството;

3) Истражувањата покажале дека политичката партиципација е во поголема корелациона врска со повисокото ниво на толеранција. Заклучокот е дека поголемата политичка партиципација продуцира поголема политичка толеранција и обратно.

4) Исто така овие истражувања покажале дека политичката елита е далеку потолерантна кон обичните граѓани одошто кон другите општествени слоеви.

J. Sullivan, со своите соработиници во 1980, врз основа на резултатите од дотогашните анализи и истражувања, успеал да направи разлика во однос на ставовите кон определена група и толеранцијата и ги добил следниве резултати:

1) Поголемиот број луѓето се нетолерални кон групите кои сами ги бираат како неприфатливи - непожелни

2) Образованието не е подеднакво поврзано со толеранција, иако има позитивни ефекти врз процесот на толеранција, преку идеологијата или преку варијаблите поврзани со личноста, самопочитувањето и слично;

3) Политичката партиципација има само минимално влијание врз нивото на толеранцијата;

4) Директно влијание врз нивото на толеранцијата имаат две варијабли и тоа - забележана закана која доаѓа од нетолерантни групи и поддршка на општоприфатените норми на демократијата, како штое се: еднаквост пред законот, слободата на говорот, еднакви шанси за сите и сл;

5) Најсилното индиректно влијание врз толеранцијата доаѓа од идеолошката ориентација (конзервативизмот или либерализмот) и психолошката сигурност одредена со самопочитувањето; и

6) Образованието и воспитанието се значајни само во однос на изборот на непожелните групи како цел на толеранцијата, а не во однос на нивото на толераницијата.

Овие резултати добиени од спроведените истражувања за политичката толеранција им користеле на авторите за поткрепување на теориите на демократијата: либералната, конзервативната и федералистичко-републиканската. Во таа смисла авторите сметаат дека нивните истражувања не ја поддржуваат либералната теорија на демократијата, која во основа доаѓа од тезата дека и обичните граѓани и

политичката елита мораат да поседуваат толеранција, доколку сакаат да се сочува стабилноста на демократското општество, а до тоа може да се дојде доколку се зголеми нивото на образованието на сите граѓани во општеството. Но истражувањата го покажале токму спротивното. Имено, образованието и политичката партиципација имале мали директни ефекти врз нивото на толеранцијата.

Конзервативната теорија, пак, не претпоставува толеранција на масата, туку само толеранција на политичката елита како сила која треба да ја штити демократската слобода, а со тоа и стабилноста на демократското општество. Според оваа теорија, образованието и партиципацијата не можат директно да придонесат за зголемување на толеранцијата. И овде истражувањата покажале дека состојбата е токму спротивна. Политичката елита исто така не покажала дека е потолерантна кон обичните граѓани, што значи дека социо-економскиот статус немал значајни директни ефекти врз зголемувањето на нивото на политичката толеранција.

Понатаму, истражувањата на Sullivan и неговите соработници ги потврдиле ставовите на федерално-републиканската теорија, според која, нетолеранцијата е, пред сè, универзална појава во општеството, за разлика од толеранцијата која не е универзална. Оваа теорија се потпира врз институционалните и процедуралните механизми во организацијата и поделбата на власта во општеството, на плурализмот на интересите и нивното организирање во многу политички и неполитички групи. Оттука, општеството мора да се заштити од присуството на нетолеранцијата. За да се постигне сето тоа е потребно плуралистички организираното општество да се подели на многу групи кои меѓу себе не се поднесуваат. Вака расцепканата нетолеранција не ќе може да се концентрира во некоја посебна група. Според тоа, поделбата на нетолеранцијата ќе овозможи сигурна рамнотежа на интересите во општеството која, пак, ќе овозможи слобода во нивното искажување и остварување на идеите на луѓето.

Генерално гледано, резултатите од овие истражувања покажале дека независните варијабли како што се: политичките партии, образованието и воспитанието, личноста и идеологијата имаат мали влијанија врз толеранцијата.

Од изнесеното следува заклучокот дека резултатите од ова истражување упатуваат на ставот дека прашањата сврзани со толеранцијата во општеството бараат интегрален и холистички пристап во неговото разјаснување, толкување и објаснување. Холистичкиот пристап, по правило, би требало да ги интегрира правно-институционал-

ните и вредносните аспекти на толеранцијата како современ општествен феномен. Во таа смисла, на пример, се значајни и ќе станат уште позначајни истражувањата за влијанието на образованието и воспитанието и на политичката партиципација врз процесот на толеранцијата во современото општество. Притоа политичката партиципација е сфатена како процес во кој поединецот или општествените групи активно учествуваат во вршењето на некои општествени функции, вклучувајќи ја и власта. Сето тоа покажува дека истражувањето на врските помеѓу толеранцијата на одредени вредности и на вредностите воопшто, се пресудни за подоброто и поквалитетно разбирање на феноменот на толеранцијата како и на неговата улога во современото општество.

## 5. ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА, ДЕМОКРАТИЈАТА И ПОЛИТИЧКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА

Општ е заклучокот на сите теоретичари дека основа на развојот на секое современо општество претставува, пред сè, политичката култура, развојот на демократијата и политичката толеранција како процес кој постојано треба да се унапредува. Ј. Л. Гибсон (J. L. Gibson) со своите соработници во 1992 година, покрај Г. Алмонд и С. Верба (G. Almond и S. Verba), настојува да ја нагласи важноста на политичката култура за развојот на стабилна и ефикасна демократска држава. Тие сметаат дека верувањето, вредноста и акциите на обичните граѓани можат да имаат значајна улога во процесот на општествените промени, особено во одржувањето на стабилитетот на демократските општествени структури. Притоа, тој истакнува дека демократијата е нешто повеќе од низата политички институции, таа бара поддршка од многу политички, социјални, легални и економски вредности, од обичните граѓани во државата. Значи процесот на промените во државата зависи од политичката култура на сите граѓани како и од политичарите воопшто. Понатаму, Гибсон смета дека демократски граѓани се оние кои веруваат во индивидуалната слобода и кои се политички толерантни, кои задржуваат одредена недоверба кон политичките авторитети, истовремено имаат доверба кон сограѓаните, кои гледаат на државата со легални ограничувања која се јавува во својство на основа на демократските институции и процеси.

Гибсон и неговите соработници сметаат дека демократската политичка култура има седум темелни субдимензии, и тоа:

- политичката толеранција,
- слободата и нејзиното позитивно вреднување,
- поддршката на општоприфатените норми на демократијата,
- развиената свест за демократски права,
- правото на разлики во мислењето,
- поддршката на независните медиуми, и
- поддржување на институции за слободни и компентентни избори.

Според тоа, политичката толеранција зазема важно место во структурата на демократската политичка култура. Потврда за тоа е добиена и со резултатите од истражувањата направени во САД и Русија од страна на Гибсон и неговите соработници. Тие истражувања покажале дека:

1) Без присуство на толеранција не е можно да се остварува политичка надмоќ во политичките позиции и функции во државата;
2) Без толеранција е загрозена легитимноста на постојниот режим во државата;
3) Без толеранција конформизмот преминува во доминантен облик на однесување.

Од аспект на темата која е предмет на истражување на овој труд, значајно е да се истакне и придонесот на Р. Д. Гастил (R. D. Gastil) со неговите истражувања на политичките права и слободи во современиот свет. Имено, тој смета дека има моменти кога политичките собирања можат да бидат опасни за јавниот ред и општо за системот, па затоа треба да бидат контролирани или дури и забранети.

Меѓутоа, се покажало дека проблемот помеѓу контролата на екстремизмот и општеството во кое може реално да се загрози слободата и толеранцијата е навистина сложено теоретско и практично политичко прашање за демократијата. Оттука, претераната контрола може да ги загрози слободата како и екцесивната толеранција. Затоа толеранцијата е прашање на мерка помеѓу различните ексtреми и алтернативи.

Може да се каже дека многу аналитичари кои се обиделе да дадат решение на овој проблем го прават тоа на многу различен и крајно неусогласен начин. На пример, Раз (J. Raz), смета дека за да биде слободен поединецот мора да биде автономен, но за да биде автономен мора да ја следи концепцијата на морално прифатените норми, бидејќи автономијата е вредност која се остварува само со следење на условите за добриот живот.

Моралната теорија која ја признава вредноста на автономијата го поддржува плуралистичкиот поглед, а моралниот плурализам подразбира постоење различни облици и стилови на живеење кои се инкомпатибилни. (9)

Меѓутоа, и инкомпатибилните облици на живот, покрај почитувањето на автономијата, мораат да бидат морално прифатливи. Со други зборови, автономијата како практична слобода, мора да биде морално прифатлива или морално инкомпатибилна. Оттука за моралниот плурализам не е доволно само постоење на инкомпатибилност, морално прифаќање на начинот на живот, туку моралниот плурализам бара можност и потреба да се искажат различните вредности, заради самиот себе си, бидејќи активностите и контенплативните начини на живот не се само инкомпатибилни туку се дистинктивни добрини и во тој случај моралниот перфекционизам е неиздржлив. (9)

Следствено на тоа, на прашањето за местото на толеранцијата во ваквата концепција на плуралистички морални норми, теоретичарот Раз дава прецизен одговор. „Сите облици на живот не се само морално легитимни, туку треба да бидат на располагање на сите што се автономни".(9) Затоа респектот на автономијата бара компетитивен морален плурализам и бара можност за воспоставување на толеранцијата.(9) Вака сфатена автономијата може да доведе до генерализација на конфликтите помеѓу морално вредните и инкомпатибилните облици на живот. Решавањето на овие конфликти е услов за постоење на назначената автономија, бидејќи нема автономија без нејзино нужно почитување. Единствен начин за нејзиното почитување е почитувањето на принципот на толеранцијата. Затоа Раз смета дека должноста за толеранцијата е еден од аспектите на должност за респектот кон автономијата.(9)

Анализата на истражувањата на Раз за моралниот плурализам доведува до заклучок дека на оваа теорија за автономен граѓанин ч недостасува јасна и конзистентна теориска основа.

За истражувањето на односот на контролата на екстремизмот во општеството и неговата толеранција, е интересно да се посочи и истражувањето на С. Натансон (S. Nathanson) кој за основа на истражувањето го зема моралот, а не моралниот плурализам, како начин на живеење и како цел на животот. Овој теоретичар смета дека структура та и суштината на моралот можат да се изведат од многуте цели кои поединците можат да ти имаат или да си ги поставаат себеси. Така, на пример, поединците можат да ја имаат за цел личната среќа или групната среќа. Според тоа, ако е тоа структура на моралот, тогаш би

постоела мандатна цел и од сите би се барало нејзино остварување.(10) Овој автор смета дека тоа не е исправно бидејќи моралноста дозволува поседување на личните цели и остварување на личната цел која не е мандат за сите нас. Според тоа, моралот нема цел и ориентирана структура. Целите во животот можат да бидат многу различни: професионални, социјални, политички, верски и сл., а моралот не може да биде изведен од ваквите разновидности. Тука не станува збор за моралниот плурализам за кој зборува Раз, туку за теолошки плурализам. Според тоа, може да има плурализам за целите, но не и морален плурализам.(10) Значи моралноста не зборува дека може да тежнееме кон остварување на сопствените цели, додека постојат работи кои не смееме да ги направиме и да придонесеме за нивното остварување.(10) Оваа положба е јасна, бидејќи автономијата на поединецот е во изборот на целта, а не и во начинот на нејзиното остварување. Според тоа, може слободно да заклучиме дека ова образложение е многу разумно, бидејќи не ја сопира автономијата, но исто така не отстапува од суштината на моралниот феномен.

Од истражувањата на Натансон може да се заклучи дека суштината на толеранцијата не е во овозможувањето на условите за остварување на индивидуалните животни цели, туку во можноста за слобода на изборот на целите и создавањето услови за нивно остварување.

Во контекстот на ова е интересно да се анализира и истражувањето на Гибсон за ставовите на граѓаните во САД и во Русија, за компетенцијата на демократската политичка култура. Овие автори со примена на факторската анализа за односот помеѓу дефинираниот индекс за политичка култура, заклучиле дека во основа на тие односи може да се дефинира еден генерален фактор или индекс на демократската политичка култура. Според нив, тоа е индекс за поткрепа на демократските права, слободи и институции. Тој индекс графички е прикажан на графиконот.




Од изнесениот графикон може да се заклучи дека политичката толеранција кај граѓаните на Русија дала најмал придонес за заедничкиот индекс кој може да се одреди како став за поддршка на демократските права, слободи и институции. Политичката толеранција дава минорен но сепак позитивен придонес за овој заеднички фактор. Заклучокот е дека граѓаните до апстрактното ниво би ги поддржувале слободата, нормите и институциите на демократијата, кои многу малку би ги толерирале своите политички противници. Ако нема толеранција, ако таа не доаѓа од оние кои се на власт, тогаш политичката толеранција ја губи смислата или својата ефикасност. Значи следи заклучокот дека кога оние кои се на власт ќе го спречуваат тоа што не го сакаат, тогаш тие престануваат да бидат толерантни. Толеранцијата престанува таму каде што започнува присилното дејствување. Според тоа, демократијата мора да биде нешто повеќе од едноставно општество на победници и поразени. Значи, ако власта во општеството се однесува според начелото на победник и поразен, во тие околности за толеранцијата нема место. Во такви случаи демократијата нужно ќе мора да воспостави консензус во општеството помеѓу сите групи и тоа за сите проблеми од јавен интерес. Ова е исклучително важно за општествата во кои една партија има мнозинска власт.

Во таа насока се движи и истражувањето на Гибсон, за односот на граѓаните кон политичката слобода, односно можноста за слободно политичко дејствување во контекст на ограничените слободи, кои можат да дојдат од системот на власта и во контекст на интерперсоналните односи, во кои поединецот секојдневно живее. Притоа, за основа ја зема либералната дефиниција за слободата, според која за слобода се сфаќа способноста на поединецот слободно да ги избира и следи своите цели, без надворешни ограничувања и притисоци. Со истражувањето спроведено во САД и Русија, Гибсон сакал да добие одговор на повеќе прашања, помеѓу кои:

1) дали граѓаните го забележуваат ограничувањето на своите слободи, кои можат да дојдат од структурата која владее;
2) дали граѓаните ја забележуваат својата слобода во контекст на интерперсоналните односи;
3) односот помеѓу различните облици на политичка партиципација на граѓаните: конзервативна политичка партиципација, неконвенционална политичка партиципација и приватни политички разговори.

Од одговорите на овие прашања Гибсон заклучил дека политичката нетолеранција која се движи до ниво на интерперсонални односи, може да биде фактор што сериозно го кочи развојот на политичката ефикасност, со значајни негативни последици.

Од кажаното следува заклучокот дека политичката толеранција во структурата на демократската политичка култура е битен тест за неговата ефикасност во воспоставувањето, развојот и одржувањето на демократијата. Според тоа, толеранцијата треба да се поттикнува, да се негува кај граѓаните, а потоа кај политичарите, сѐ со цел за брз развој на заедницата, бидејќи слободата не е апсолутна вистина и едноумие, туку плурализам, индивидуализација и цивилизирано договарање за заедничките интереси. На тој пат толеранцијата има значајно место.

Конечно, толеранцијата претставува драгоцена вредност и квалитет на особините кај луѓето, особено во услови кога се бара почитување на разликите кај поединците и нивните групи. Без политичка толеранција не може да се воспостави ниту демократски процес во општеството, кон што се стремат сите современи општества денес.

## 6. ИСКУСТВА ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Имајќи го во вид големото значење на политичката толеранција и воопшто на толеранцијата за стабилноста и мирот во земјата и во регионот пошироко и во Република Македонија се правени неколку истражувања, кои имале за цел да ги лоцираат проблемите што стојат на патот на меѓунационалната, етничката и верската толеранција. Такви истражувања се направени од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и институтите за социологија и психологија при Филозофскиот факултет, агенцијата „ДАТА ПРЕС“ при НИП Нова Македонија, неделникот „Пулс“ и др.

Ќе споменеме само дел од резултатите до кои е дојдено во овие истражувања.

Општ заклучок е дека Република Македонија како повеќенационална држава со разна вероисповест кај населението, мора да ја гради иднината врз сожителство, заедништво и лојалност на граѓаните кон државата, како заеднички именител на личните и колективните интереси на граѓаните, за што е потребна толеранција и меѓусебно почитување.

Исто така резултатите од анкетите на овие истражувања покажуваат дека постојат низа прашања кои стојат на патот на поквалитетниот соживот и толеранција, односно кои нѐ тераат кон состојба „живееме заедно но разделени“. Накратко тие анкети ги констатирале следниве ставови:

1) Во врска со работното ангажирање кај работодавец од друга националност, дури 75% од анкетираните искажале позитивно мислење, односно дека немаат никакви предрасуди доколку понудените услови се поволни. Според националната припадност 71% од испитаниците Македонци и 66% од Албанците се искажале дека немаат предрасуди за вработување кај работодавец од друга националност. Ваквиот однос на испитаниците кон економскиот интерес може позитивно да влијае за намалување на бариерите во останатите сегменти на живеење;

2) На полето на образованието постојат поголеми проблеми и разидувања. Така на пример, кај 70% од испитаниците Македонци не им пречел наставник од друга националност, а кај 30% тоа било причина нивните деца да не ја посетуваат наставата кај тој наставник. Кај испитаниците Албанци тоа недоверие е високо изразено, така што дури 75% од испитаниците се произнеле дека нема да дозволат нивните деца да ги учи наставник од друга националност, додека кај 25% тоа не би им пречело;

3) Што се однесува до употребата на јазиците и тука постојат дијаметрално спротивни ставови. Имено, 70% од анкетираните Македонци сметаат дека единствен службен јазик во Република Македонија треба да биде македонскиот, 28% го прифаќаат уставното решение, а само 2% сметаат дека сите јазици се рамноправни. Кај испитаниците од албанската националност дури 84% сметаат дека сите јазици треба да бидат рамноправни, а уставното решение е прифатливо за 16%;

4) Во врска со улогата на одредени институции во државата, во врска со подобрувањето на меѓунационалните односи и толеранцијата, се добиени следните ставови:

- За улогата на Претседателот на Републиката 83% од испитаниците Македонци и 76% од испитаниците Албанци се произнеле позитивно.
- За улогата на Владата 47% од Македонците и 45% од Албанците се произнеле позитивно.
- За улогата на Собранието на Република Македонија за подобрување на меѓунационалните односи, позитивно се произнеле 56% од испитаниците Македонци и 18% од Албанците.
- За улогата на МТВ, позитивно се изјасниле 44% од испитаниците Македонци, а само 9% од албанските испитанци.
- За улогата на „Нова Македонија" позитивно се произнеле 37% од испитаниците Македонци, а само 9% од албанските испитаници.

4) Побарано е мислење и за улогата на верските заедници за меѓунационалните односи, при што се добиени следните одговори:

- За улогата на МПЦ позитивно се произнеле 67% од испитаниците Македонци, 7% сметаат дека нејзината улога е негативна, а 26% се без одговор. 19% од испитаниците Албанци сметаат дека МПЦ има позитивна улога за односите во Македонија, 63% таа улога ја оценуваат како негативна, а 18% се без одговор.
- За улогата на Исламската верска заедница, 91% од испитаниците Албанци се произнеле позитивно, 4% сметаат дека таа има негативна улога, а 5% се без одговор, 6% испитаници Македонци улогата на ИВЗ ја оценуваат позитивно, 64% негативно, а 30% немаат став.

6) Во врска со правата на националностите се добиени следните одговори: 47% од испитаниците Македонци сметаат дека националностите имаат преголеми права, 49% сметаат дека имаат колку што треба, 4% сметаат дека имаат помалку отколку што треба, а 80% сметаат дека нема граѓани од втор ред; 91% испитаници од албанска националност сметаат дека имаат премалку права, 3% дека имаат колку што треба, 6% немаат одговор, а дури 86% се произнеле дека се граѓани од втор ред.

7) Ставови за интерперсонална етничка комуникација:

*Какво соседство сакате (која националност)?*

| | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Исклуч. чиста | 26,50 | 23,20 | 4,00 | 28,00 | 3,00 | 2,00 |
| Претежно иста | 40,50 | 36,00 | 22,00 | 45,00 | 35,00 | 6,00 |
| Не е битно | 32,70 | 40,70 | 73,00 | 27,00 | 62,00 | 92,00 |

*Дали сакате да соработувате со колеги од друга националност?*

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 9,00 | 12,20 | 0,00 | 12,00 | 1,00 | 0,00 |
| Не | 91,00 | 87,70 | 100,00 | 87,00 | 99,00 | 100,00 |

*Дали имате потреба од знаење на јазикот на другата националност?*

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Неопходно | 5,50 | 27,25 | 0,00 | 13,00 | 13,00 | 19,00 |
| Корисно но не е неопходно | 72,25 | 71,50 | 97,00 | 61,00 | 62,00 | 65,00 |
| Непотребно | 22,25 | 1,25 | 3,00 | 26,00 | 25,00 | 16,00 |

8) Констатацијата од истражувањето на „Дата Прес" дека стабилноста зависи од меѓунационалните односи во земјата може да се поткрепи со следните резултати: 2/3 од испитаниците Македонци и 40% од Албанците сметаат дека во иднина сожителството и меѓунационалните односи ќе бидат основа за стабилноста или за нејзиното нарушување.

9) Општ е заклучокот дека политичката, етничката и верската толеранција претставуваат предизвик на новото време и дека таа таа претставува ледина на која треба да се работи макотрпно, темелно, интердисциплинарно и интензивно.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Vladimir Vojičić, *Politička tolerancija* „DEFIMI", Zagreb, 1995
2. J. S. Mill, *O slobodi*, 1982 g.
3. Vladimir Vojičić, *Politička tolerancija* „DEFIMI", Zagreb, 1995
4. J. Halberstan, *The paradox of tolerance*, The philosophical Forum, vol, 14, 1982/83, превод I. Primorac, *O toleranciji*, Biblioteka F. Višnjić, Beograd 1989 g.
5. H. Marcuse, *Represivna tolerancija*, I. Primorac, 1989
6. G. Brankert, *Political Freedom*, Rothledge, London, 1991 g.
7. J. S. Mill, *O slobodi*
8. Ibid, str. 23
9. J. Sullivan, J. Person and G. E. Marku, *Political tolerance and American Democracy*, The University of Chikago, Press, 1982 g.
10. Ibid
11. Ibid
12. Ibid
13. Ibid
14. J. Raz, Autonomy tolerantion and the harm principle, in S. Mendus, *Justifying tolerantion*, Cambridge University of Chikago, Press, 1988 g.
15. Ibid
16. Ibid

## RESUME

Trajan GOCEVSKI

### POLITICAL TOLERANCE, PEACE AND STABILITY

Contemporary tendencies are showing that states of today exist as complex communities compounded of individuals (citizens) with different national, social, cultural, religious and many other characteristics. By the reason of this, states cannot function in a successful way nor to tend towards stability if the necessary specifics of the individual members or their communities are not respected. This need is especially stressed with the ongoing processes of democratization of the societies, the appearance of parliamentary democracy and multi-party system, political coalitions, etc.

The fact that our state has chosen this option as the only possible or the most valid one for multi-cultural societies, has accentuated the tolerance in the political, religious, ethnic and cultural sense as a factor for peace and stability on the highest possible level.

Tolerance is seen as the new challenge of our time and a vale which demands hard work and long-term devotion, both interdisciplinary and intensively, that will undoubtedly lead towards the dedicated aim - peace and stability for the country as a base for its complete prosperity.